## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

*јуни 2021 година*
*ЕУЦ-број 63/2021*

## САМИТ НА ЕВРОПСКИОТ СОВЕТ

European Council

https://ec.europa.eu

Европскиот совет на состанокот на 24 и 25 јуни 2021 година во Брисел, дебатираше за миграцијата и надворешните односи. На агендата на самитот беа и економското закрепнување од пандемијата со Ковид-19 и предизвиците за еврозоната.

Во дебатата за состојбата со пандемијата Ковид-19, Советот го поздрави напредокот во вакцинацијата и подобрувањето на епидемиолошката состојба. Беше призната важноста на договорот за дигиталнен COVID сертификат и за ревизијата на двете препораки на Советот, за патувања. Советот ја потврди посветеноста на ЕУ за глобална солидарност како одговор на пандемијата.

Лидерите на ЕУ се согласија за интензивирање на партнерствата и соработката со земјите на потекло и транзит со цел да се спречи загубата на животи и да се намали притисокот врз европските граници, како дел од надворешната акција на ЕУ. Советот ја повика Европската комисија да ги зајакне конкретните активности со приоритетните земји на потекло и транзит и да се усвојат акциски планови до есента годинава. Исто така се повика Комисијата, на подобро користење на најмалку 10% од Инструментот за соседство, развој и меѓународна соработка (NDICI), како и финансирање според други релевантни инструменти за активности поврзани со миграцијата.

Европскиот совет го реафирмира стратешкиот интерес на ЕУ за стабилно и безбедно опкружување во Источен Медитеран и развој на соработка со Турција. Лидерите ја поздравија деескалацијата на состојбата во Источен Медитеран и ја истакнаа потребата од нејзино одржување. Советот потсети на своите претходни заклучоци и изрази целосна посветеност за сеопфатно решавање на кипарскиот проблем.

Во согласност со донесените Заклучоци лидерите дебатираа за односите со Русија и ја повикаа да преземе целосна одговорност во обезбедување на целосна имплементација на договорите од Минск.

Европскиот совет во усвоените заклучоци го поздрави навременото спроведување на мерките во Белорусија и повторно повика на итно ослободување на политичките затвореници и крај на репресијата на граѓанското општество и независните медиуми.

Лидерите го разгледаа спроведувањето на „Следна генерација ЕУ“ - планот за закрепнување. Се охрабруваат Комисијата и Советот на ЕУ да работат на одобрување на планови со цел земјите-членки целосно да го искористат финансирањето за обновување. Лидерите очекуваат брз напредок во глобалната реформа на даноците на претпријатија на консензуална основа во рамките на G20/OECD.

Претседателот на Европскиот Совет, Шарл Мишел ја презентираше Индикативната агенда на лидерите 2021-2022 која претставува програма за работа на Европскиот совет со цел да одговори на предизвиците со кои се соочуваат земјите на ЕУ, деловните субјекти и граѓаните.

https://www.consilium.europa.eu

### Содржина на вести:

| | |
|---|---|
| Самит на Европскиот совет | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Самит „ЕП-Западен Балкан“ | 6 |
| Макрофинансиска помош за Северна Македонија | 6 |
| Постигнат договор за даночна транспарентност | 7 |
| Регионални избори во Франција | 7 |
| Претпристапна помош за Западен Балкан и Турција | 8 |
| Усвоен Фонд за зелена транзиција на ЕУ | 8 |
| Одлука за сопствени ресурси на ЕУ | 9 |
| Прво наднационално обвинителство на ЕУ | 9 |
| Во сила правилата за бришење содржини на интернет | 10 |
| Акција против „теророт со банерите за користење колачиња“ | 10 |
| Нови правила за пренесување на готовина во ЕУ | 11 |
| ЕУ календар / јули 2021 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 07-10 јуни 2021***

Европскиот парламент по повеќе од 15 месеци, повторно заседаваше во Стразбург. На пленарната сесија европратениците одобрија барања на 4 земји-членки на ЕУ за поддршка од Европскиот фонд за прилагодување на глобализацијата (EGF). Вкупно 3700 работници кои останаа без работа во Белгија, Финска, Германија и Холандија ќе добијат 11,6 милиони евра.

На дебатата на ЕП, еврокомесарот за буџет и администрација Јоханес Хан потврди дека Европската комисија ќе достави 3 нови предлози за финансирање засновани на механизамот за прилагодување на границата со јаглерод, дигитален данок и системот за трговија со емисии на ЕУ (наведено во „патоказот за нови сопствени ресурси“).

Европратениците го одобрија новиот Европски социјален фонд+ за поддршка на младите и најсиромашните со буџет од 88 милијарди евра.

Европскиот парламент усвои позиција за резервата за прилагодување на Брегзит во износ од 5 милијарди евра.

Со 546 гласа ЕП усвои нова регулатива за ЕУ Дигитален сертификат за Ковид-19, кој ќе се применува од 1 јули година и ќе биде во функција 12 месеци. Сертификатот нема да биде предуслов за слободно движење и нема да се смета за патна исправа. Сертификатот ќе се издава бесплатно од националните власти и ќе биде достапен во дигитален или хартиен формат со QR-код.

Европратениците дебатираа за резултатот од Специјалниот самит одржан во мај, со претседателот на Европскиот совет, Мишел и претседателката на Европската Комисија, фон дер Лајен. Повикаа земјите-членки брзо да го спроведат дигиталниот Ковид сертификат, за да се олесни прекуграничното патување.

За време на дебатата со комесарот Валдис Домбровскис и државниот секретар на Португалија, европратениците се осврнаа на претстојниот самит Г7 и темите на самитот ЕУ-САД на 11 јуни.

Европратениците со 515 гласа усвоија резолуција за „Стратегијата на ЕУ за биолошка разновидност 2030: Враќање на природата во нашите животи“, нагласувајќи ја тековната криза на биодиверзитетот во Европа и остатокот од светот.

Претседателот на ЕП, Давид Сасоли на свечена церемонија ја додели наградата LUX 2021 на Александар Нанау за филмот „Колектив“. документарецот насловен по еден ноќен клуб во Букурешт каде во пожар загинаа 27 млади луѓе во 2015 година, а 180 беа ранети.

Европскиот парламент даде поддршка на инструментот Глобална Европа (Инструментот за соседство, развој и меѓународна соработка) потврдувајќи го договорот постигнат со Советот во декември 2020 година. Вкупно 79,5 милијарди евра се наменети за развој, соседство и меѓународна соработка во текот на следните 7 години. Фондот ќе се користи за поддршка на одржлив развој во соседните земји на ЕУ, Африка, Азија, Америка, Пацификот и Карибите.

Во резолуцијата усвоена со 355 гласа ЕП предлага да започнат преговорите за привремено откажување од Договорот за СТО за патенти за подобрување на глобалниот пристап до достапни медицински производи поврзани со Ковид-19.

Во резолуција усвоена со 506 гласа европратениците забележуваат дека новиот инструмент за условување за заштита на буџетот на ЕУ е во сила од 1 јануари годинава кој важи и за средствата за обновување. И покрај ова, Комисијата не предложи никакви мерки според новите правила и не го почитуваше крајниот рок од 1 јуни даден од Европскиот Парламент во резолуцијата од 25 март годинава, за финализирање на упатствата за примена на регулативата. Ова „претставува доволна основа за преземање правни дејствија според член 265 од ДФЕУ против Комисијата“, истакнаа европратениците.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Европратениците повикаа на заострување на стандардите за сајбер безбедност на ЕУ за поврзани уреди, апликации и оперативни системи. Во усвоената резолуција се бара до 2023 год. да се донесе законодавство со одредби за компјутерска безбедност за апликации, софтвер, вграден софтвер и оперативни системи.
Европскиот парламент со 514 гласа усвои резолуција за тековната проценка на националните планови за закрепнување доставена од земјите-членки на ЕУ до Комисијата.
Одгледувањето на животни во кафез во ЕУ може да се повлече постепено до 2027 година, истакнаа европратениците во резолуцијата усвоена со 558 гласа.
Европратениците усвоија 3 резолуции за состојбата со човековите права на границата Шпанија-Мароко, за Русија и Шри Ланка. Со резолуцијата усвоена со 397 гласа се отфрла употребата на граничната контрола и миграцијата од страна на Мароко. Втората резолуцијата усвоена со 564 гласа повикува руските власти да ги прекинат сите репресии против политичките противници и да се воздржат од донесување закон кој ќе забрани персоналот или привзрзаниците на организациите наведени како „непожелни“ да учествуваат на претстојните избори. Европратениците го реафирмираа своето силно спротивставување на континуираната примена на контроверзниот Закон за спречување на тероризам (PTA) во Шри Ланка, со кој на полициските тела на земјата им се даваат широки овластувања за претрес, апсење и притворање на цивилни осомничени лица.

***Пленарна сесија 23-24 јуни 2021***

„Флагрантните кршења на владеењето на правото од страна на земјите-членки мора да бидат казнети“, истакна претседателот на ЕП, Д.Сасоли на отворањето на втората пленарната сесија во Брисел. Во согласност со резолуцијата на Парламентот од 10 јуни, Сасоли во писмениот допис до претседателката на Комисијата, Урсула фон дер Лајен, врз основа на Член 265 од ДФЕУ повика Комисијата да обезбеди целосна и непосредна примена на Регулативата што ги утврдува правилата за заштита на буџетот на ЕУ од кршење на владеењето на правото.
Европратениците презентираа очекувања за претстојниот Европски совет и побараа гаранции за почитување на основните права. Тие повикаа на непречено спроведување на стратегијата за закрепнување со цел справување со кризата предизвикана од Ковид-19.



www.europarl.europa.eu

Европскиот парламент усвои 3 регулативи за т.н. „пакет на кохезија“ кој ги опфаќа целта на Европската територијална соработка (Interreg), Европскиот фонд за регионален развој и Кохезискиот фонд. Пакетот вклучува 243 милијарди евра за зајакнување на економската, социјалната и територијалната кохезија на ЕУ. Трите регулативи ќе стапат на сила на 1 јули годинава.
Европратениците го одобрија Законот за клима со 442 гласа, неформално договорен со земјите-членки во април. Со тоа на европските граѓани и бизниси се дава правна сигурност и предвидливост што треба да ја испланираат за транзицијата. Новиот закон за клима на ЕУ ја зголемува целта на ЕУ за намалување на емисиите во 2030 година од 40% на најмалку 55%.
Во усвоениот извештај со 378 гласа европратениците повикаа земјите-членки да го заштитат и понатамошно зајакнат женското сексуално и репродуктивно здравје и права.
Европскиот парламент во усвоениот извештај ја поздрави посветеноста на БиХ да напредува на патот кон ЕУ, но бара понатамошни суштински реформи.Европратениците повикаа Европскиот совет да продолжи да ја поддржува европската перспектива на БиХ, „вклучително и испраќање позитивна политичка порака за доделување статус на кандидат“.
Проценката на парламентот за Извештајот на Комисијата за 2020 година за владеењето на правото дава начини за подобрување на механизмот со цел подобра заштита на европските вредности.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk



Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери учествуваше и имаше свое обраќање на вториот Самит на претседатели на парламенти од земјите на Западен Балкан „Европски парламент-Западен Балкан“, кој се одржа на 28 и 29 јуни 2021 година во Брисел. На самитот учествуваа претседателот на Европскиот Парламент и претседателите на португалскиот и словенечкиот парламент, сегашното и претстојното претседателство со Советот на ЕУ. На Самитот беше донесена заедничка Декларација.
Свое обраќање претседателот Џафери имаше и пред членовите на Комитетот за надворешни работи (АФЕТ) на ЕП.
На 28 јуни 2021 година, на маргините на Самитот „Европски парламент-Западен Балкан“ претседателот Џафери оствари билатерална средба со претседателот на Националното собрание на Република Словенија, Игор Зорчиќ.
На 29 јуни 2021 година пртседателот Џафери оствари средба со пратениците од Европскиот парламент, Андреас Шидер, Илхан Ќучук и Марион Валсман. На средбата соговорниците се осврнаа на евроинтеграциите на нашата држава, тековните активности во Собранието и идните активности поврзани со Жан Моне Дијалогот.

Претседателот Џафери на 22 јуни 2021г. учествуваше и имаше свое обраќање на Осмата пленарна сесија на ПС на ПСЈИЕ што се одржа од 21 до 23 јуни 2021 година во Анталија на тема: „Соседите во Југоисточна Европа обединети: Јакнење на механизмите за соработка за иднината на регионалната безбедност“. На пленарната сесија беше усвоена заедничка Декларација.
Во рамки на Осмата пленарна сесија на ПС на ПСЈИЕ Џафери оствари билатерална средба со Мустафа Шентоп, претседател на Големото национално собрание на Турција. На седницата на ПС на ПСЈИЕ во работата на комитетот учествуваа пратениците Павле Трајанов и Хусни Исмаили.





На 57-то Генерално собрание на Парламентарното Собрание на Црноморската економска соработка кое се одржа виртуелно на 22 јуни 2021г. Собранието стана 13-та полноправна членка на ПАБСЕК. На сесијата учествуваа потпретседателот на Собранието, Горан Мисовски и пратениците Лидија Тасевска, шеф на Делегацијата на Собранието во ПАБСЕК, и Вјолца Адеми, член на Делегацијата.

Управувачката група на Собранието за соработка за демократски развој со Шведскиот парламент на 11 јуни 2021г. одржа виртуелен состанок со Управувачката група на Шведскиот парламент. На состанокот учествуваа Фадил Зендели, потпретседател на Собранието и претседавач на Управувачката група, и пратениците Мартин Костовски, Халил Снопче, Маја Морачанин, Гордана Силјановска-Давкова, Александар Велјановски, Арта Биљали-Зендели и Арбана Пашоли. Во фокус на состанокот беше разбирањето на политичката разноликост на секоја земја и условите за пратениците врз основа на нивната припадност кон владејачките партии или опозицијата.



## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Националниот совет за евроинтеграции на Првата седница одржана на 7 јуни 2021 година, расправаше за Планот на активности на Националниот совет за евроинтеграции за периодот јуни 2021 - јуни 2022 година како и за Перспективите за европската интеграција на државата во пресрет на јунскиот самит на Европскиот совет. На седницата Советот со консензус го усвои Планот на активности на Националниот совет за евроинтеграции за периодот јуни 2021-јуни 2022 година. По повод расправата по "Перспективите за европската интеграција на државата во пресрет на јунскиот самит на Европскиот Совет", со консензус се усвоија заклучоци кои беа доставени до Собранието, Владата и Делегацијата на ЕУ. Претседателот на Советот, Александар Николоски потенцираше дека за значајно тело како Националниот совет, неопходна е тесна соработка на сите членови и претставници заради остварување на неговата клучна улога. Во оваа насока од сите политички партии застапени во Собранието се очекува активно учество и создавање клима за конструктивна работа. Потпретседателката на Националниот совет, Соња Мираковска истакна дека членството во ЕУ е стратешка цел за државата и повика што поскоро земјата да ги започне преговорите за членство и без одложување. „Државата ги исполни сите предуслови и според многу земји членки и претставници на институциите на ЕУ, ние сме веројатно најдобро подготвената земја за почеток на преговорите", истакна во обраќањето заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и член на Советот, Никола Димитров.



Претседателот на Комисијата за европски прашања, Арбер Адеми на 22 јуни 2021г. оствари виртуелна средба со Луис Каполаш Сантош, претседател на Комисијата за европски прашања на Португалскиот парламент. На средбата Адеми изрази благодарност за заложбата на Португалија во напорите за изнаоѓање на прифатливи решенија за приближување на ставовите меѓу Скопје и Софија. Ја истакна важноста на решавањето на ова прашање во откочување на процесот за проширување и кредибилитетот на Европската Унија.
Комисијата за европски прашања во месец јуни 2021г. одржа три седници на кои разгледа повеќе предлог-закони со кои се усогласува националното законодавство со правото на ЕУ.



Делегацијата на Собранието во ПС на Советот на Европа (ПССЕ), во состав: Бисера Костадиновска Стојчевска, заменик шеф и членовите Арта Биљали Зендели и Александар Николоски, на јунската сесија одржана на 22 јуни 2021г. во Стразбур, оствари средба со Золт Ценгер-Залан (Унгарија, ЕНП / ЦД). Ценгер-Залан заедно со Лиз Кристоферсен (Норвешка, СПЦ) се назначени за коизвестувачи за Северна Македонија при ПССЕ во јуни 2020 год. Во делот на Извештајот за напредокот помеѓу двете сесии на ПССЕ, Александар Николоски имаше свое обраќање пред пратениците во кое се осврна на извештајот на адхок комисијата на ПССЕ која ги набљудуваше изборите во Бугарија на 4 април годинава во рамките на Меѓународната мисија за набљудување на изборите.



Делегација на Комисијата за европски прашања во состав: Арта Биљали-Зендели, потпретседателка на комисијата и членовите Лолита Ристова, Моника Зајкова, Марија Петрушевска и Халил Снопче, на 20 јуни 2021г. учествуваа на 17. состанок на Конференцијата на парламентарните комисии за европски интеграции/прашања на земјите учеснички во Процесот на стабилизација и асоцијација на Југоисточна Европа (КОСАП), одржан виртуелно. На состанокот учествуваа делегации на парламентарните комисиите за европски интеграции/прашања од Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Црна Гора и Србија и членовите на Комитетот за европска интеграција на Парламентот на Косово.

## САМИТ „ЕП - ЗАПАДЕН БАЛКАН“




Претседателите на парламентите од земјите на Западен Балкан заедно со претседателот на Европскиот Парламент и претседателите на португалскиот и словенечкиот парламент, кои го претставуваат на 28 јуни 2021г. во рамките на вториот Самит „Европскиот Парламент – Западен Балкан“ потпишаа заедничка декларација во која се повикува Советот на ЕУ да ги исполни своите ветувања и итно да преземе одлучни активности за забрзување на процесот на проширување.

Во декларацијата се нагласува европската перспектива и процесот на пристапување во ЕУ. Проширувањето останува повеќе од кога било геостратешка инвестиција во стабилна, силна и обединета Европа. Претседателите на парламентите ја потврдија централната улога на парламентите во процесот на проширување и посветеноста на заедничката соработка за натамошно зајакнување на парламентарната димензија.

Во декларацијата:

- се истакнува важноста на функционалната пазарна економија и заедничкиот регионален пазар како камен – темелник на социо-економската отпорност и Европската интеграција на Западен Балкан,
- се искажува посветеност за олеснување на спроведувањето на Економскиот инвестициски план за Западен Балкан на ЕК,
- Зелената агенда за Западен Балкан и зајакнувањето на дигитализацијата, младинската соработка – со цел да се обезбеди одржлив економски развој и да се постигнат европските стандарди.

Парламентите со Декларацијата се обврзуваат заеднички да работат во насока на унапредување на законодавството и градење на капацитетите на релевантните комисии за следење на заштитата на животната средина, усогласување на законодавството со ублажувањето и прилагодувањето за климатски промени во согласност со Парискиот договор и Европскиот зелен договор, еднакво да се посветат на зголемувањето на еластичноста на регионот на Западен Балкан во однос на климатските промени со намалување на штетните практики, спречување на загадувањето и деградација на реките и морињата и спроведувањето на строгите политики за заштита на биодиверзитетот.

https://www.europarl.europa.eu/the-president

## МАКРОФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




Европската комисија на 02 јуни 2021 година потпиша Меморандум за разбирање со Северна Македонија со цел отворање на патот за исплата на макрофинансиска помош од 80 милиони евра. Ова е прв меморандум за разбирање, потпишан како дел од пакетот од 3 милијарди евра. Овие средства ќе бидат достапни во форма на долгорочни заеми по многу поволни услови. Средствата ќе придонесат за подобрување на макроекономската стабилност и создавање простор за распределување ресурси за ублажување на сериозните негативни социо-економски последици од пандемијата со Ковид-19. Програмата за Северна Македонија е во вредност од 160 милиони евра. Одлуката за давање макрофинансиска помош на десетте земји во контекст на справување со пандемијата Ковид-19 беше предложена од Комисијата на 22 април и донесена од Советот на 25 мај 2020 година.

https://euractiv.rs

## ПОСТИГНАТ ДОГОВОР ЗА ДАНОЧНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ




Европската комисија и Европскиот парламент постигнаа договор за правилата со кои големите мултинационални компании ќе треба да откријат колку заработуваат и колку данок плаќаат во ЕУ, а колку во земјите што ЕУ ги смета за даночни засолништа.
Законот беше предложен од Европската комисија уште во 2016 година и е дел од напорите на ЕУ за избегнување на затајувањето данок од големите меѓународни компании. Според законот, мултинационалните корпорации со годишен промет од над 750 милиони евра за две години по ред ќе треба да ги пријавуваат профитот, даноците и бројот на вработени во земјите на ЕУ и во земјите од европската листа на „некооперативни јурисдикции“. Податоците за платените даноци во земјите што не се членки на ЕУ, а кои не се на црната листа на даночни раеви, ќе бидат дадени само во збирна форма, бидејќи владите на членките на ЕУ не се согласија на подетално разградување по држави. Добротворната организација „Оксфам“ критикуваше дека многу од светските даночни раеви не се на списокот на Унијата на „некооперативни јурисдикции“ и затоа ќе избегнат надзор. Текстот на договорот треба да биде формално усвоен од двата комитета на Европскиот парламент и пред пленарната седница на парламентот и од Европскиот совет.

https://euractiv.rs

## РЕГИОНАЛНИ ИЗБОРИ ВО ФРАНЦИЈА

Во Франција се одржаа Регионални избори во два круга на 20 и 27 јуни 2021 година. Партијата на францускиот претседател Емануел Макрон, „Република во движење“, освои 7% од гласовите во вториот круг на регионалните избори, а деничарско популистичката партија на Марин Ле Пен, „Национален сојуз“ освои околу 20%.
Најдобар резултат на регионалните избори оствари десничарската партија Републиканци, која доби доверба од 38% од избирачите, а следи коалицијата на партиите на Социјалистите и на Зелените со освоени над 30% од гласовите. Ле Пен најголеми шанси очекуваше во регионот Прованса-Алпи-Азурен брег, но излезните анкети покажаа дека нејзиниот кандидат освоил 44,2% од гласовите, додека претставникот на Републиканците 55,8%. Во регионот О де Франс, каде убедливо победи конзервативецот Завије Бертран со 52,7%, пред кандидатот на партијата Национален сојуз кој освои 25,9% и кандидатот на Левицата со 21,4% од гласовите. Во најбогатиот и најнаселен регион Ил де Франс, кој го опфаќа и Париз, со 45% од гласовите победи конзервативката Валери Пекрес. Зад неа се кандидатите од Зелените со 35% и претставниците од „Националниот сојуз“ и од „Република во движење“ со по 10% од гласовите.




Изборите ги обележа исклучително мала излезност од 38% во првиот и 33,7% во вториот круг од гласачкото тело, кое брои 48 милиони граѓани со право на глас.

https://www.euronews.com

## ПРЕДПРИСТАПНА ПОМОШ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА




Европскиот парламент и Советот на ЕУ на 02.06.2021г. постигнаа политички договор за новиот инструмент ИПА 3, со вкупен буџет од 14,162 милијарди евра за Западен Балкан и Турција, за периодот 2021-2027.
Инструментот дава поддршка на земјите кандидати и потенцијални кандидати во реформите и исполнување на критериумите за пристапување во Унијата. ИПА 3 ќе обезбеди поддршка во наредниот седумгодишен период за Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Турција, ретроактивно од 1 јануари 2021 година.
„Ова ќе овозможи надградување на перформансите и напредокот кон клучните приоритети и зголемена флексибилност при одговарање на новите потреби на партнерите на нивниот пат кон пристапување“, се истакнува во соопштението на Европската комисија.
Комисијата нагласува дека ИПА 3 ќе се фокусира на „стратешко и динамично“ распоредување на помошта, приоритет на владеењето на правото и почитување на основните вредности, зајакнување на демократските институции и реформата на јавната администрација, промовирање на економско управување и реформите на конкурентност.
Рамката ИПА 3 ќе го финансира европскиот инвестициски-економски пакет за опоравување на Западен Балкан и ќе обезбеди кохерентност и комплементарност помеѓу ИПА 3 и новиот инструмент за соседство, развој и меѓународна соработка (НДИЦИ) вреден скоро 80 милијарди евра. Политичкиот договор помеѓу Европскиот парламент и Советот на ЕУ, врз основа на предлог на Европската комисија, ќе биде преведен во законски текст, пред ЕУ да го започне официјалното усвојување на ИПА 3.
Усвојувањето на инструментот се очекува да се случи есента 2021 година.

https://www.consilium.europa.eu

## УСВОЕН ФОНД ЗА ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА НА ЕУ




Советот на Европската унија на 07 јуни 2021 година усвои регулатива за основање фонд за праведна транзиција (JTF) вреден 17,5 милијарди евра. Цел на регулативата е „да се направи зелената транзиција, фер и инклузивна”.
Фондот на располагање ќе вклучи 7,5 милијарди евра за буџетски обврски за периодот 2021-2027 година и 10 милијарди евра од Инструментот за обнова 2021-2023 година. JTF е насочен кон мали и средни претпријатија, стартап-и и основање нови компании. Во регионите и земјите-членки на ЕУ постојат разлики во климатската транзиција и капацитетот во справување со предизвици. JTF има за цел да спречи проширување на разликите со инвестирање во територии кои треба да го укинат производството и употребата на јаглен, лигнит, тресет и шкрилци од нафта или да ја трансформираат индустријата со голема загаденост. Финансирањето ќе се заснова на територијалните планови за транзиција кои треба да ги подготват земјите-членки заедно со релевантните локални и регионални власти. Плановите ќе ги идентификуваат најпогодените територии и нивните инвестициски потреби.
Фондот за праведна транзиција е еден од трите столба на Механизмот за праведна транзиција предложен како дел од Европскиот зелен договор за да се обезбеди транзицијата да се одвива на фер начин. Другите два столба се буџетска гаранција во рамките на програмата InvestEU и Заемот за јавниот сектор.

https://eeas.europa.eu

## ОДЛУКА ЗА СОПСТВЕНИ РЕСУРСИ НА ЕУ

Земјите-членки на ЕУ ја одобрија одлуката за сопствени ресурси која стапи на сила на 01.06.2021 година. Фондот за обновување од пандемијата претставува клучен елемент на инструментот за економско закрепнување на „Next Generation EU“. Одлуката предвидува зголемување на максималниот износ за 0,6% што Унијата може да го побара од земјите-членки да ги покријат своите финансиски обврски. Зголемувањето е привремено и се користи исклучиво за поддршка на закрепнувањето од економските последици предизвикани од пандемијата. Фондот ќе располага со 312,5 милијарди евра грантови и 360 милијарди евра заеми што ќе бидат обезбедени за јавни инвестиции и реформи во рамките на националните планови за закрепнување и одржливост изготвени од секоја земја-членка на ЕУ. Плановите ќе промовираат зелени и дигитални транзиции, одржлив раст и одржливост и ќе вклучуваат цели и предвидени трошоци. Завршувањето на процесот на ратификација дозволува ЕУ да започне да се позајмува на пазарите на капитал веќе во јуни 2021-ва година. Предфинансирањето – вкупно 13% од износот доделен на секоја земја-членка, ќе биде ставен на располагање на националните влади откако ќе бидат одобрени плановите за нивно закрепнување и одржливост.




Откако националните влади ќе ги достават своите планови, ЕК мора да ги процени во рок од два месеци. Следно, Советот има рок од четири недели да го одобри секој план со одлука за спроведување. Остатокот од средствата ќе бидат исплатени, земајќи го предвид постигнувањето на фазите и целите утврдени во националните планови за обновување и за одржливоста.

https://www.europarl.europa.eu

## ПРВО НАДНАЦИОНАЛНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА ЕУ



Од 01 јуни 2021г. започна со работа Канцеларијата на европското јавно обвинителство (European public prosecutor’s office-EPPO), која ќе спроведува истраги на кривични дела против буџетот на ЕУ. Со првото наднационално јавно обвинителство ќе раководи романската обвинителка Лаура Ковеси. Во работата на ова обвинителство учествуваат 22 земји-членки на ЕУ.
Основната мисија на новото европско тело е да ги заштити фондовите на ЕУ од криминалот и да биде во интерес на граѓаните. Канцеларијата ќе следи како се трошат средствата доделени за помош на економиите за излез од кризата предизвикана од пандемијата со Ковид-19.
EPPO ќе спроведува истраги и ќе ги гони сторителите на измами со расходите и приходите, даночни измами чија вредност е најмалку десет милиони евра и перење пари. Новото тело на ЕУ ќе ја истражува и активната и пасивната корупција или малверзациите што влијаат на финансиските интереси на ЕУ и лицата кои учествуваат во криминални организации кои сториле кривични дела против буџетот на ЕУ. Новото тело на ЕУ ќе може да испитува и гони други незаконски активности кои се „нераздело поврзани“ со прекршоците на буџетот. Канцеларијата ќе спроведува истраги и кривични постапки целосно независно од Европска комисија, другите институции и тела на ЕУ, како и земјите-членки.
EPPO ќе соработува со други тела и агенции на ЕУ, како што се ОЛАФ, Еуроџаст и Европол, како и со надлежните органи на земјите-членки кои не учествуваат во Европското обвинителство. Се очекува EPPO да истражува околу 3.000 случаи годишно. EPPO е формирана во 2017 година и ќе се финансира од буџетот на ЕУ, а седиштето е во Луксембург. Во Канцеларијата ќе има по еден обвинител од секоја земја учесничка и друг персонал. Унгарија, Полска, Ирска, Шведска и Данска не учествуваат во EPPO.

https://ec.europa.eu

## ПРАВИЛА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ ТЕРОРИСТИЧКИ СОДРЖИНИ НА ИНТЕРНЕТ



Во Европската унија на 07 јуни 2021г. стапија во сила правилата за бришење терористичка содржина на интернет. Интернет платформите ќе имаат време од еден час да ги отстранат контроверзните содржини, по пријава од надлежните власти во секоја земја-членка на ЕУ. Правилата вклучуваат силни заштитни мерки за да се обезбеди целосно почитување на основните права како што се слободата на изразување и информирање.

Земјите-членки ќе можат да санкционираат непочитување и да одлучуваат за нивото на казни, што ќе биде пропорционално на природата на повредата и големината на платформата. Паричните казни можат да бидат до 4% од прометот на платформата. Земјите-членки и мрежните платформи кои нудат услуги во ЕУ имаат една година, до јуни 2022г. да ги прилагодат своите процеси.

https://ec.europa.eu

## АКЦИЈА ПРОТИВ „БАНЕРИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ КОЛАЧИЊА“




Здружението NOYB (None of your business) од Виена, соопшти дека испратиле повеќе од 500 жалби против компании во врска со „теророт со банерите за користење колачиња“ што го претвори интернетот во „фрустрирачко искуство за корисниците низ цела Европа“. Многу од пораките кои се појавуваат кога корисникот пристапува до некоја веб-страница барајќи од него да прифати „колачиња“, не се во согласност со законите на ЕУ, вклучувајќи ја и Општата уредба за заштита на податоците (GDPR), соопшти групата на активисти.

Овие пораки не даваат можност корисникот да одговори со „да или не“ на барањето за собирање податоци, како што налага законот.

NOYB изјави дека банерите често се направени на начин што е „исклучително комплицирано“ корисникот да кликне на што било друго, освен на опцијата „прифати“.

Првите жалби беа испратени до 560 веб-страници во 33 земји, вклучувајќи ги сите членки на Европската економска област, освен Малта и Лихтенштајн.

NOYB ќе поднесе официјални жалби до регулаторните тела во рок од еден месец, доколку веб-страниците не преземат чекори за прилагодување на пораките за колачиња во согласност со законите за приватност и доколку не го променат нивниот„некоректен“ дизајн.

NOYB објави дека развиле автоматизиран систем за препознавање на банери за колачиња кои ги кршат прописите за приватност и со помош на кој би можело да поднесат до 10.000 жалби во текот на една година. Доколку нивната акција е успешна, здружението NOYB соопшти дека во текот на следните месеци „корисниците би требало да видат едноставни и јасни опции „да или не“ за собирање податоци на сè повеќе веб сајтови.

https://euractiv.rs

## НОВИ ПРАВИЛА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ГОТОВИНА ВО ЕУ




На 03 јуни 2021г. стапија на сила нови правила за контрола на оптек на пари во готово и вредни предмети при влегување и излегување од ЕУ.
Сите патници при влез или излез од територијата на ЕУ треба да пополнат декларација доколку носат повеќе од 10.000 евра или еквивалент на таа сума во други валути, патнички чекови или меници. Европската комисија наведува дека новото правило е дел од напорите на ЕУ во борбата против перење пари и извори за финансирање на тероризам. Дефиницијата за „готовина“ според новите правила се проширува и вклучува златници и одредени други златни предмети. Царинските власти ќе можат да постапуваат и по износи помали од 10.000 евра, кога постојат индиции за поврзаност на готовината со криминална активност.
Новите правила ќе обезбедат надлежните органи и националните единици за финансиско разузнавање во секоја земја-членка да имаат информации потребни за следење и решавање на движењето на готовина која може да се искористи за финансирање на нелегални активности.

https://ec.europa.eu/taxation_customs

**Донесени закони во Собранието во текот на јули 2021 година:**

1. Закон за лобирање;
2. Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух;
3. Закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови;
4. Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви.

***ЕУ КАЛЕНДАР / јули 2021***

1. *Словеначко претседателство со Советот на ЕУ, 01/07-31/12/2021;*
2. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 05-08/07/2021, Стразбург;*
3. *Министерски состанок за прекугранична поврзаност помеѓу ЕУ и Западен Балкан, 05-06/07/2021, Крањ, Словенија.*
4. *Виртуелен Самит на Берлинскиот Процес, 05/07/2021, Берлин, Германија.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




